„Нема луѓе кои ќе станат од седенка на која не го спомнувале Аллах, освен како да станале од трпеза на која имало леш од магаре, а потоа ќе зажалат за тоа.“

Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Нема луѓе кои ќе станат од седенка на која не го спомнувале Аллах, освен како да станале од трпеза на која имало леш од магаре, а потоа ќе зажалат за тоа.“

[رواه أبو داود] [صحيح]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека луѓето кои ќе седнат на некоја седенка, а потоа ќе станат од неа без да го спомнат Аллах, се како оние што се собрале околу леш од магаре, во смрдеа и нечистотија. Тоа е бидејќи се зафатиле со бескорисни разговори што ги одвратиле од спомнувањето на Аллах, па таквата седенка ќе им биде причина за тага, жалење и загуба на Судниот ден.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3910